Јавно претпријатие за
комунална дејност
„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“
Бр. 04-365/1
18. 03. 2025 год.
Охрид

Врз основа на член 14 став 1, член 22 став 1 точка 1 и 2 и член 23 од Законот за работни односи ( Сл.весник на РМ бр.60/05, 106/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12,13/13,25/13,170/13,187/13,113/14,20/15,33/15,72/15,129/15,27/16,120/18 и Сл. весник на РСМ бр.110/19, 267/20,151/21, 288/21, 111/23 и 39/25) и член 3 став 4 од Законот за вработените во јавниот сектор ( Сл.весник на РМ бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/18 и Сл.весник на РСМ бр.143/19 ,14/20 и 208/24), Директорот на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид распишува:

**Јавен Оглас**

***За пополнување на работни места на Помошно-технички персонал***

ЈП "Охридски Комуналец" Охрид распишува оглас за пополнување на работни места на помошно-технички персонал по пат на вработување тоа:

**1. 1 (еден) извршител за работно место Работник во пријавница-Портир,шифра на работно место КДР0405А02005 со најмалку ниво на квалификации 3, 180** кредити според ЕЦВЕТ или тригодишно средно образование, со една година работно искуство во струката.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови:
-да е државјанин на РСМ
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен
-да има општа здравствена способност за работното место

Заинтересираните кандидати треба да ги достават следните документи за исполнување на потребните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар:

- Уверение за државјанство
- Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност
- Диплома за завршено соодветно образование
- Потврда за работно искуство доколку се бара
- Пополнета пријава објавена на ВЕБ страната на ЈП “Охридски Комуналец”Охрид

За работното место под реден број 1 (еден) „ **Работник во пријавница-Портир** “, неделното работно време е од понеделник до петок, а дневното работно време е од 07:00 часот до 15:00 часот од 15:00 до 23:00 часот и од 23:00 до 07:00 часот .Опис за работното време работа во смени. Основната нето плата изнесува 23.082,оо денари, плус додаток на минат труд по 0,5% за секоја година работен стаж.

Постапката за селекција за вработување на **помошно-техничкиот персонал** во јавното претпријатие, се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас и проверка на приложените докази.

Огласот трае 5 (пет) работни дена сметано од денот на објавувањето на Огласот во дневниот печат и тоа во три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

Изборот на кандидатите кои ќе засноваат работен однос ќе се изврши во рок од 8 дена по истекот на рокот за пријавување на огласот.

Кандидатите пријавите со сите потребни документи да ги достават на адреса:
ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид, Нов Расадник б.б. Охрид, лично или преку пошта.

Ненавремените и некомплетно пополнети пријави нема да се разгледуваат.

ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид
Директор,
м-р Сашо Најдески